Михајло ПОПОВСКИ

УДК: 159.947.23

# ОДНОСОТ МЕЃУ ПРИПИШУВАЊЕТО НА КАУЗАЛНОСТА И ПРИПИШУВАЊЕТО НА ОДГОВОРНОСТА

***Кратка содржина***

*Анализата на односот меѓу припишувањето на каузалноста и припишувањето на одговорноста за сопствените постапки и за постапките на другите открива дека во многу случаи перцепцијата на каузалноста се појавува како клучен елемент при изведувањето судови за одговорноста. Но, врската меѓу овие два атрибуциски феномена не е непосредна и нужна. Припишувањето на одговорноста е посложен процес од трагањето по причините на постапките. При припишувањето на одговорноста, луѓето може да применуваат и други атрибуциски критериуми и за одговорноста да расудуваат на различни начини.*

***Клучни зборови:*** *ПРИПИШУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ, ПРИПИШУВАЊЕ КАУЗАЛНОСТ, ТЕОРИЈА НА АТРИБУЦИЈА.*

Во многу случаи кога се обидуваме да објасниме нечие однесување, движејќи се по претпоставените патеки на каузалноста, не се задржуваме само на идентификуваните причини (внатрешни и/или надворешни), туку настојуваме да припишеме и одреден степен на одговорност, особено ако станува збор за однесување кое има негативни ефекти. Начините на кои луѓето при перципирањето на настаните во социјалниот свет доаѓаат до каузални објаснувања за сопственото однесување или за однесувањето на другите се опишани во рамките на теоријата на атрибуција. Оваа теорија претставува збирка на повеќе поставки и емпириски сознанија за факторите што ги поттикнуваат набљудувачите во своето трагање по каузално релевантни информации, за начините на кои тие информации се обработуваат при припишувањето на причините на настаните и за консеквенциите од создадените атрибуции.

## Припишувањето на каузалноста како антецедент на припишувањето на одговорноста

Првичните анализи за тоа како луѓето припишуваат одговорност за исходите на нечии постапки како дел од процесот на атрибуцијата се направени од Хајдер (Heider, 1958), основоположникот на теоријата на атрибуцијата. Според Хајдер, при припишувањето на одговорноста се поаѓа од перцепцијата на каузалноста на нечија акција што е во фокусот на вниманието на набљудувачот, односно од перцепцијата на тоа кој фактор имал пресудно влијание врз исходот на акцијата. Дали тоа била мотивацијата на лицето, неговите способности или, пак, влијанието на некој срединскифактор. Хајдер смета дека, сепак, најзначаен фактор преставува перцепцијата на намерата. Намерата е таа која внесува ред во многуте текови на акцијата, координирајќи ги кон еден финален исход. Ако сме убедени дека некој направил нешто намерно, обично тоа многу поблиску го врзуваме за него отколку ако сметаме дека тоа не било сторено намерно. Но, припишувањето на одговорноста може во одреден степен да биде определено и од перцепцијата на способноста на лицето и од влијанието на различни срединскифактори.

Значи, при припишувањето на одговорноста, можно е да се применат неколку атрибуциски критериуми, кои Хајдер ги класифицира во нивоа и конципира модел на припишување лична одговорност. Според овој модел, на најпримитивното ниво - *асоцијација*, одговорноста се припишува за секој ефект што на некаков начин е поврзан со лицето или изгледа дека нему некако му припаѓа. На второто ниво - *каузалност*, лицето се смета одговорно за секој ефект што произлегол од неговата активност, без оглед дали лицето можело да го предвиди тоа или не. На следното ниво - *предвидливост*, лицето се смета одговорно за секој ефект што можел да се предвиди, без оглед дали постоела или не постоела намера за неговото предизвикување. На четвртото ниво - *намера*, лицето се смета одговорно за секој исход на неговите активности што бил предвиден и намерно предизвикан. И, на последното ниво - *оправдување*, лицето се смета делумно одговорно за секој намерно предизвикан ефект ако тоа се нашло во околности што него го принудиле да постапи на таков начин.

Според начинот на кој се дефинирани нивоата на личната одговорност, произлегува дека припишувањето одговорност во повеќето случаи е условено од перцепцијата на каузалноста. Луѓето, обично, не се сметаат одговорни ако не е перципирано дека меѓу нив и исходите на појавите што

се поврзани со нив не постоела некаква причинско-последична врска. Слично и во правото, евиденцијата за постоење каузалност се зема како најзначаен елемент при утврдувањето нечија вина. Меѓутоа, тоа што перцепцијата на каузалноста е најчест предуслов за да му се припише некому одговорност не значи дека врската меѓу каузалноста и одговорноста е едноставна и непосредна. Покрај тоа, треба да се нагласи дека некогаш е можно при донесувањето на судот за нечија одговорност да не биде земена предвид и каузалноста на настанот. На пример, ако таткото, кој е возач и кој е во состојба да управува со својот автомобил, му дозволи на својот малолетен син да вози и ако во текот на возењето синот предизвика несреќа, одговорноста за тоа што се случило многумина би му ја припишале на таткото, а не на синот. Постојат многу вакви случаи кога каузалната врска на извесен начин се запоставува и за одговорноста се суди врз основа на други критериуми, како што се, на пример, моралните норми што се експлицитно или имлицитно врзани за одредени положби и улоги.

## Сличности и разлики меѓу припишувањето на каузалноста и припишувањето на одговорноста

Припишувањето на одговорноста не само што не мора секогаш да се заснова врз перцепцијата на каузалноста туку и во случаите кога каузалноста се појавува како неопходен услов, тоа во суштина не се сведува само на утврдената каузалност. Врската меѓу припишувањето на каузалноста и припишувањето на одговорноста не е непосредна, т.е. таа обично е посредувана од повеќе фактори, кои засебно или заедно може значајно да влијаат врз судовите за одговорноста. За тоа постојат и одредени емпириски наоди, кои, меѓу другото, покажуваат дека припишувањето на одговорноста може да биде определно од одделни мотивациски фактори, како што се мотивите за избегнување штета или вина, потоа од природата и сериозноста на ефектите на настаните, од степенот на структурираноста на настаните, од индивидуалните разлики во поглед на локусот на контролата, верувањата во праведноста на светот и емпатијата (Поповски, 1993).

За повеќефакторската условеност на припишувањето на одговорноста говори и анализата на поврзаноста меѓу атрибуциите на контролата, каузалноста, слободата и одговорноста, направена од Фиск и Тејлор (Fiske and Taylor, 1984). Шематскиот приказ на поврзаноста меѓу овие атрибуции

е даден на Слика 1. Тргнувајќи од основните поставки за процесот на атрибуцијата изложени во теоријата на атрибуцијата, Фиск и Тејлор посебно го нагласуваат ефектот што го има перцепцијата на контролата и слободата во однесувањето на набљудуваното лице врз припишувањето на каузалноста и припишувањето на одговорноста.

Со оглед на тоа што атрибуциите произлегуваат од човековата потреба за разбирање, предвидување и контрола над средината, овие автори сметаат дека свесноста за контролата е прилично значајна при заклучувањето за причините на нечие однесување. Појавата на овој вид свесност значи дека перципираното лице е потенцијално способно и одговорно за предизвикување одредени исходи. Во процесот на каузалното заклучување, припишувањето контрола над она што се прави или случува е пофундаментално и тоа, всушност, се јавува како предуслов на припишаната каузалност. Имено, за да се изведе заклучок дека некое лице навистина предизвикало одредена акција, мора прво да се претпостави дека лицето е способно да го стори тоа. Способноста имплицира можност нешто да се направи и ако се направи тоа, јасно е дека тоа може и да се контролира. Значи, за да создаде набљудувачот диспозициска атрибуција, мора прво да заклучи дека лицето има контрола врз сопственото однесување. Меѓутоа, припишаната контрола е многу тесно поврзана со перцепцијата на слободата што ја има лицето во своето однесување, а тоа значи дека при изведувањето заклучоци за диспозицициските основи на акцијата, се тргнува и од припишаната слобода. Ако некому му се припише поголема слобода во однесувањето, постои и поголема веројатност дека акцијата и ефектите од неа ќе бидат припишани на неговите диспозиции. Припишувањето поголема слобода во однесувањето, обично, се случува кога некој имал имал можност да бира како да постапи и кога при изборот на акцијата не постоела принуда од средината.




Слика 1. Врски меѓу припишувањето на каузалноста, контролата, слободата и на одговорноста (според Fiske and Taylor, 1984: 102)

Кога станува збор, пак, за припишувањето на одговорноста, Фиск и Тејлор нагласуваат дека тоа не зависи само од перципираната каузалност. Припишувањето на одговорноста може да биде значајно посредувано и од перципираната слобода и контрола, кои имаат слични ефекти како и во случајот кога се врши припишување на каузалноста. Имено, во ситуациите кога набљудувачот ќе забележи дека некое лице при вршењето на акцијата имало поголема слобода, т.е. кога неговата акција не произлегла од влијанието на некој средински фактор и кога лицето, всушност, имало избор како да постапи, голема е веројатноста дека нему ќе му се припише

и поголема одговорност. Во прилог на таквата можност говорат и наодите во истражувањето на Глисон и Харис (Gleason and Harris, 1976). Овие автори, проверувајќи го влијанието на перципираната слобода, на сериозноста на штетните последици на настанот и на емпатијата врз припишувањето на одговорноста, меѓу другото, откриле дека степенот на припишаната одговорност значајно варирал и во зависност од тоа дали сторителот на настанот имал поголема или помала слобода во однесувањето. Имено, кога на испитаниците им било презентирано дека сторителот имал поголема слобода, тие му припишувале поголема одговорност, и обратно.

Сличен ефект се појавува и во случајот кога на набљудуваното лице му се припишува поголема контрола врз однесувањето. Меѓутоа, во врска со перцепцијата на контролата, неопходно е да се напомене дека на луѓето може да им се припише одговорност не само за настани што може да ги контролираат, туку и за настани што би морале да ги контролираат.

Според тоа, од оваа анализа на поврзаноста на атрибуциите на контролата, каузалноста, слободата и на одговорноста, произлегува дека овие атрибуции може меѓусебно да бидат испреплетени и дека припишувањето на одговорноста не зависи само од перципираната каузалност, туку и од перципираната контрола и слобода во однесувањето. Меѓутоа, заемната поврзаност на овие атрибуции не значи дека тие во сите случаи мора заедно да се појавуваат. Некогаш, на пример, може да се припише каузалност, а притоа да не се припише и одговорност, или некогаш може да се припише одговорност без оглед на тоа што не постоела перцепција на слободата во однесувањето и сл. Затоа, шемата на поврзаноста на атрибуциите, прикажана на Слика 1, не би требало да се сфати како една непроменлива низа на атрибуции кои нужно зависат една од друга. Шемата се однесува на начинот на кој атрибуциите може меѓусебно да се сообразат кога заедно ќе се појават во процесот на заклучувањето.

Едно друго прашање кое нужно се наметнува по оваа анализа на врската меѓу припишувањето на каузалноста и припишувањето на одговорноста е прашањето за тоа дали, и во кој степен, при создавањето на атрибуциите на одговорноста луѓето применуваат исти или слични принципи на заклучување за кои се претпоставува дека доаѓаат до израз при каузалните објаснувања на настаните. Иако претходната анализа на одреден начин сугерира дека припишувањето на одговорноста е посложен процес од припишувањето на каузалноста, во неа се потенцирани, пред сè, сличностите, а не разликите меѓу нив. Меѓутоа, според некои автори (Hamilton, 1980; Fincham and Jaspars, 1980),

припишувањето на одговорноста не само што е посложен процес туку, во извесен степен, се базира и врз поинакви принципи на заклучување од оние што доаѓаат до израз при припишувањето на каузалноста.

Најзначаен обид за попрецизно утврдување на основните диференцијални обележја на процесот на припишувањето на каузалноста и на процесот на припишувањето на одговорноста е направен од страна на Хамилтон (Hamilton, 1980). Во анализата на овие процеси, Хамилтон тргнува од размислувањата на Харт и Оноре (Hart and Honoré, 1959) за начинот на кој се разгледува прашањето за каузалноста во рамките на правото и при здраворазумското расудување. Според Харт и Оноре, постојат два различни процеса на заклучување што доаѓаат до израз при разгледувањето на каузалноста: објаснување и атрибуција. Овие автори, за разлика од теоретичарите и истражувачите на процесот на атрибуцијата, под атрибуција подразбираат многу посложен процес кој истовремено го опфаќа и објаснувањето, т.е. атрибуцијата вклучува два вида аналитички постапки: трагање по објаснување и трагање по санкции. Основната разлика меѓу овие постапки лежи, пред сè, во нивните појдовни точки. Имено, објаснувањето започнува со одреден ефект (во областа на правото, ефектот може да биде некаква повреда или штета) и се движи во насока на идентификување на непознатите причини. Додека, санкционирањето тргнува од две познати точки: од делото и од ефектот (во правото, делото претставува незаконски чин) и, притоа, се настојува да се утврди дали делото го предизвикало штетниот ефект за да може да се применат одредени санкции. Значи, целта на објаснувањето е разбирање, а целта на санкционирањето е припишување одговорност.

Имајќи ја предвид ваквата диференцијација, Хамилтон сугерира дека во случаите кога човек заклучува за нечија одговорност, тој не размислува како „наивен психолог“, туку како „наивен правник“. Целта на наивниот психолог е пронаоѓање на причините за однесувањето, при што во основата на каузалното заклучување се наоѓа принципот на коваријацијата (Поповски, 1997). Меѓутоа, кога некој расудува како наивен правник, неговата цел е санкционирање на однесувањето, при што во заклучувањето се тргнува, пред сè, од принципот дали лицето можело поинаку да постапи при изведувањето на акцијата. Според тоа, одговорноста се припишува за оние постапки што се општествено непожелни и што подлежат на правни или на морални санкции, и тоа преку проценување дали лицето можело поинаку да постапи или неговите постапки биле последица на принуда, незнаење и сл. Дури и во оние случаи, кога некоја

активност е видена како исход на повеќе различни фактори, ако лицето имало можност поинаку да постапи, тоа ќе биде сметано за одговорно. „Барањата на улогата, притисокот на средината и општествено прифатените правила на однесување може да ја ублажат, но не и да ја елиминираат одговорноста. Во зависност од степенот на елиминацијата на овие фактори, некој станува сè повеќе одговорен, а заклучокот на набљудувачот сè повеќе кореспондентен“ (Hamilton, 1980: 770). Согласно со тоа, според Хамилтон, процесот на утврдувањето на одговорноста е многу сличен на моделот на кореспондентното заклучување на Џоунс и Дејвис, додека моделот на коваријацијата на Кели одговара на процесот на објаснувањето. И, на крајот, Хамилтон, исто како и повеќето истражувачи и теоретичари на атрибуциските феномени, смета дека процесот на припишувањето на одговорноста логички следува по процесот на идентификацијата на потенцијалните причини на однесувањето.

### Припишувањето одговорност за причините и за решението на проблемите

Една од основните претпоставки од кои се тргнува во обидот да се разбере процесот на припишувањето на каузалноста е дека луѓето се примарно заинтересирани за откривање на вистинските причини на настаните што се во фокусот на нивното внимание. Но, кога станува збор за процесот на припишувањето на одговорноста, покрај идентификацијата на причините, за нив е многу важно и сознанието за нивната стабилност и контролабилност. Нестабилните причини се подложни на контрола (на пример, недоволно вложување напор), додека стабилните причини тешко може да се контролираат (на пример, немање способност). Сознанието за стабилноста и контролабилноста на причините може во извесен степен да ги определи и насочи судовите за одговорноста. Некогаш одговорноста може да се припише за појавата, а некогаш за решението на проблемите на луѓето. Одговорноста за појавата на проблемите, општо земено, е одговорност за нешто што се случило во минатото и таа го вклучува прашањето за вината на оние што ги предизвикале проблемите. Додека, одговорноста за решението на проблемот, општо земено, е одговорност за идни настани и таа вклучува процена за тоа кој би можел да има контрола над она што ќе се случува во иднина. Неопходноста од правењето разлика меѓу овие два фактора

или димензии на одговорноста е сугерирана од Брикман и сор. (Brickman et al., 1982), кои прашањето за одговорноста го анализираат од поинаква перспектива, т.е. од перспектива на можностите за помагање на лицата за поуспешно справување со проблемите што ги имаат. Овие автори идентификуваат четири модели (ориентации) на различно припишување одговорност за причините и за решението на проблемите: морален модел, компензациски модел, медицински модел и модел на просветување.

Во рамките на првиот модел, наречен *морален модел*, лицата се сметаат одговорни и за појавата и за решението на своите проблеми. Тие се перципираат како целосно одговорни и морално обврзни да најдат решение за проблемите. Нивните проблеми се гледаат како проблеми што произлегуваат, пред сè, од недоволно и несоодветно вложување напор. Затоа, малку е веројатно дека директно ќе им се помогне на овие лица. Помошта може да дојде, главно, во форма на поддршка и охрабрување за надминување на проблемите.

Кај *компензацискиот модел*, лицата не се сметаат одговорни за појавата на проблемите, туку за нивното решение. Нивните проблеми, обично, се перципирани како проблеми што се јавиле поради различни срединскi влијанија и ограничувања, така што за да ги надминат, тие треба да бидат понастојчиви, да бараат помош и да соработуваат со другите.

Кај *медицинскиот модел*, на лицата им се припишува сосема мала одговорност како за појавата, така и за решението на нивните проблеми. На нив се гледа како на лица кои немаат моќ и знаење да се справат со проблемите, т.е. како на лица кои се жртви на сили што се надвор од нивна контрола. Затоа, единствено решение за нивните проблеми е да добијат помош од стручни и компетентни лица.

Во случајот, пак, на *моделот на просветување*, лицата се обвинуваат за појавата на нивните проблеми, но се ослободуваат од одговорноста за решението. Тие се перципираат како лица кои направиле некоја грешка во минатото и кои сега не можат да се справат со проблемите што ги имаат. Бидејќи самите согледуваат дека не се способни да си ги решат проблемите, тие бараат помош од други лица за кои ги сметаат дека се подобри и по-компетентни од нив. Значи, кај овој модел лицата примаат помош од другите, но тие сè уште чувствуваат вина за она што им се случило.

Секој од овие модели има соодветни импликации за тоа дали лицето кое има потреба од помош ќе добие помош или не и какво влијание ќе има помошта врз него. Компензацискиот и моралниот модел (т.е. моделите

во кои лицето се смета одговорно за решението) може прилично да ја поттикнат компетенцијата преку охрабрување на лицето да најде решение за проблемот. Моралниот модел и моделот на просветувањето (т.е. моделите во кои лицето се смета одговорно за проблемот) може да имаат влијание врз намалување на себепочитувањето. Особено проблематични се моделите кај кои лицето се проценува дека не е одговорно за решавање на проблемот (медицинскиот модел и моделот на просветување). Оваа ситуација може да доведе до појава на т.н. *дилема за помагање*. Иако може да се обезбеди потребната помош, сепак, помошта може да доведе до поткопување на компетентноста на лицето и на неговото чувство за контрола. Исто така, треба да се нагласи дека овие модели на припишување одговорност може да се различни кај лицата кои практикуваат разновидни форми на давање и на примање помош во општеството. Проблеми искрснуваат тогаш кога оние што ја обезбедуваат и оние што ја даваат помошта не ја проценуваат одговорноста со идентични модели.

Имајќи ја предвид оваа анализа, а исто така и другите претходно изложени анализи на процесот на пришувањето на одговорноста, може да се констатира дека здраворазумското поимање на одговорноста е навистина сложен феномен. За да може да се разбере неговата природа, неопходно е прво да се препознае дека при толкувањето на настаните во секојдневниот живот, луѓето може да применуваат различни атрибуциски критериуми и на различен начин да ја поимаат одговорноста. Кога велиме дека некое лице е одговорно за одредени ефекти, може да се имаат на ум повеќе нешта: лицето е одговорно затоа што ги предизвикало ефектите што се случиле, лицето е одговорно затоа што имало намера да ги предизвика ефектите, лицето е одговорно за справување со ефектите, лицето е морално одговорно за ефектите, лицето е законски одговорно за ефектите итн. Исто така, ако се знае дека каузалната структура на настаните во социјалниот свет е таква што причините имаат свои причини, можно е кога се припишува одговорноста, таа да се лоцира во различни делови од таа структура, а со тоа и различно да се толкува и да се вреднува.

(*Рецензент: проф. д-р Виолета Арнаудова*)

## ЛИТЕРАТУРА

Brickman, P., Rabinowitz, V.C., Karuza, J., Coates, D., Cohn, E., and Kidder, L. (1982). Models of helping and coping. *American Psychologist*, 37, 368-384.

Fincham, F.D., and Jaspars, J.M. (1980). Attribution of responsibility: From man the scientist to man as lawyer. Vo: L.Berkowitz (Ed.): *Advances in Experimental*

*Social Psychology* (Vo. 13). New York: Academic Press. Fiske, S.T., and Taylor, S.E. (1984). *Social cognition.* Reading, MA: Addison-Wesley.

Gleason, J.M., and Harris, V.A. (1976). Perceived freedom, accident severity and empathic value as determinants of the attribution of responsibility. *Social Behavior and Personality*, 4, 171-176.

Hamilton, V.L. (1980). Intuitive psychologist or intuitive lawyer? Alternative models of the attribution process. *Journal of Personality and Social psychology*, 39, 767-772.

Hart, H.L., and Honoré, A.M. (1959). *Causation in the law.* Oxford, England: Claredon Press.

Heider, F. (1958). *The psychology of interpersonal relations.* New York: Wiley.

Поповски, M. (1993). *Мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста за несреќни настани.* Магистерски труд, Филозофски факултет, Скопје.

Поповски, M. (1997). Теорија на атрибуцијата. *Социолошка ревија*, 1-2, 38-59.

Mihajlo POPOVSKI

# THE RELATION BETWEEN ATTRIBUTION OF CAUSALITY AND ATTRIBUTION OF RESPONSIBILITY

**Summary**

The analyses of relation between attribution of causality and attribution of responsibility for one's own actions and the actions of others reveals that in many cases perception of causality is key element in making judgments about responsibility. However, the relation between these two attribution phenomena it is not direct and necessary. Attribution of responsibility is more complex process than looking for the causes of actions. When people attribute responsibility, they can use additional criteria and judge responsibility in different ways.

**Keywords:** ATTRIBUTION OF RESPONSIBILITY, ATTRIBUTION OF CAUSALITY, ATTRIBUTION THEORY